**М-р Александар Н. ТОДОРОВСКИ, Дипл.учител**
Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола, Ректорат
e-mail: aleksandar.todorovski@uklo.edu.mk
**Марина ТОДОРОВСКА, Дипл.учител**
e-mail: m.todorovska@outlook.com

# ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ПРЕКУ ЕДУКАТИВНА ИНТЕРВЕНЦИЈА

**Апстракт**

Денешното општество подлежи на постојани промени кои се случуваат во сите сфери на човековото живеење и тоа со многу брзо темпо. Ставен во улога на креатор и реализатор тој се обидува да го подобри своето живеење. Како резултат на тоа нови барања се поставуваат и пред училиштето кое е воспито - образовна установа во која се остварува целосен развој на личноста на ученикот. Посебно место зазема прашањето за активна позиција и улога на ученикот за неговата улога на субјект во наставата. Овој труд има цел да одговори на некои прашања кои се поврзани со усовршувањето на едукативната интервенција и подобрување на намалената активност (слабите резултати) на учениците во одделенска настава. Тие прашања се: Колку преку групирање на учениците можеме да ги подобриме слабите резултатите на учениците во одделението? Како ќе ја подобриме комуникацијата помеѓу наставникот и учениците и помеѓу самите ученици? Како и колку учениците ке стекнат работни навики? Зошто се стремиме да ја подобриме активноста? Како да се мотивира и поттикнува индивидуата за учење? Како да се организира запознавањето со новиот материјал?

Во трудот ќе биде презентирано едно мало истражување во кое беше применет експерименален дизајн и преку трансверзален пресек се дојде до конкретни предлози за подобрување на активноста и комуникацијата меѓу самите ученици и помеѓу учениците и наставникот.

*Клучни зборови: подобрување на активноста, ученик, ученици-наставник, предлози за едукативна интервенција*

## 1. Вовед:

Учењето е активност преку која што откриваме и го сфаќаме светот околу нас. Учењето почнало со некое предходно познавање за светот споено со некоја љубопитност за него. Кога рековме љубопитноста стои во учењето , а дека таа својот израз го добива низ нашата способност да поставуваме прашања ние всушност го откриваме процесот на мислење. Без љубопитноста нема потреба за мотивација за да се преземе следниот чекор. Следниот чекор е поставување на прашања, дури и ако тоа е само едно важно и неодговорено прашање. Во сржта на нашето истражување не секогаш треба да го имаме фактот со или без наставници децата учат. Тоа го прават спонтано и природно од првиот момент на раѓањето (може и пред тоа). Истражуваат, се обидуваат, откриваат, експериментираат, предвидуваат, даваат хипотези и донесуваат заклучоци. Како можеме да го подобриме подобриот, едноставен процес на учење каде што веќе се одвива толку совршено и кога за прв пат ќе стапне на овој свет. Нашата задача, можеби е да го проучиме тој процес  и да се портудиме да го поттикнеме, наместо да се обидуваме да го промениме, подобриме или систематизираме. Активноста на учењето може да биде ограничена на еден или два елементи, или со некои прецизни дефиниции затоа што вклучува и бара многу стратегии. За да се биде активен во учењето треба да се користат

повеќе стратегии како што се: повторување, потавување на прашања, со работење, следење упатства, обидување и грешење, тестирање, учествување...

### *1.1 Проблем и објект на истражувањето:*

Врз основа на нашите согледувања од спроведеното истражување во ОУ „Св. Климент Охридски“-Битола во II - 5 одделение како проблем се јавува намалената активност (слабите резултати) на учениците кој произлегуваат од следните карактеристики: срамежливост; незаинтересираност; несигурност на ученикот во самиот себе; неразбирање ( нејасно и тивко изразување на наставникот ); недоволно технички стедства; монотоност; слаба мотивација од страна на наставникот; неодговорност и неподготвеност на наставникот и ученикот; семејни проблеми. Како објекти на нашето истражување се јавуваат самите ученици.

### *1.2 Мотив на истражувањето:*

Мотивите потекнуваат од некоја потреба а потребата потекнува од некој недостаток, од нешто што го нема човекот,а сака да го има. Истражувањата покажуваат дека очекувањето на успехот битно влијае да се искористат сопствените способности. Утврдено е дека учениците кои имаат поголеми способности, но помалку веруваат дека ќе постигнат успех, помалку се успешни, од оние ученици кои се со помали интелектуални способности, но повеќе веруваат во постигнување на успех. Оние ученици кои недоволно се ангажираат во извршувањето на своите активности не се самите свесни за последиците што ги предизвикуваат. Поради тоа наставникот се обидува на различни начини да ја поттикне љубопитноста и интересот на учениците, да ги охрабрува и оспособува учениците да истражуваат, испитуваат и да се навраќаат на наученото, да ги предизвикува и подтикнува учениците да напредуваат на повисок степен на достигнување и заедно да ја споделуваат вредноста и радоста на нивните постигнувања. Сето ова наставникот треба да се потруди да им го пренесе на своите ученици на начин кој ќе биде лесен, едноставен, разбирлив и достапен за нив, со што ќе ги подтикне учениците да работат индивидуално или ќе ги организира во групи со цел да ја подобри комуникацијата помеѓу него и учениците помеѓу самите ученици, а со тоа постои можност за подобрување на слабите резултати во одделението.

### *1.3 Истражувачко прашање:*

По истакнување на веќе изнесениот проблем кој постои во одделението ги поставивме следниве хипотези:

- Колку преку групирање на учениците можеме да ги подобриме слабите резултатите на учениците во одделението?
- Како ќе ја подобриме комуникацијата помеѓу наставникот и учениците и помеѓу самите ученици?
- Како и колку учениците ке стекнат работни навики?
- Зошто се стремиме да ја подобриме активноста?
- Како да се мотивира и поттикнува индивидуата за учење?
- Како да се организира запознавањето со новиот материјал?

### *1.4 Начелно формулирање на предметот на истражување:*

За надминување на слабостите и подобрување на комуникацијата меѓу учениците и наставникот во нашето одделение потребно е превземање на соодветни мерки кои придонесуваат доаѓање да нашето начелно формулирање на предметот на истражување т.е. подобрување на активноста.

## 2. Теоретски основи:

### *2.1 Појава на која и припаѓа проблемот:*

Нестекнувањето на работни навики за навремено извршување на зададените задачи од страна на наставникот, одложувањето на учењето, доведува до неподготвеност на учениците за на училиште и стекнување на плашливост поради исмејување од своите соученици и негативно критикување од страна на наставникот.

### *2.2 Аспекти од предметот на истражувањето ( резултати од прегледот на литературата ):*

XXI век е век на постојани промени кои се случуваат во сите сфери на човековото живеење со брзо темпо. Ставен во улога на креатор и реализатор тој се обидува да го подобри своето живеење. Како резултат на тоа нови барања се поставуваат и пред училиштето кое е воспито - образовна установа во која се остварува целосен развој на личноста на ученикот. Посебно место зазема прашањето за активна позиција и улога на ученикот за неговата улога на субјект во наставата. Напишани се огромен број на трудови, водени се бројни научни расправи кои се вршени со голем број на емпириски истражувања за активната позиција на ученикот во наставата, што значи ученикот да биде субјект во наставата како таа да се постигне и реализира, каква е улогата на наставникот и сл. уште од најстари времиња. Тоа се забележува во ставовите на Сократ, Платон и Аристотел. Од особено значење за развојот на овие идеи е педагошки убедувања:

- Ј.А. Комениски - кој укажа на потребата за индивидуален пристап кон студентите и потребата за ова знаење во наставата да се здобијат со разбирање на значењето и разбирање на развојот на дејноста на ученикот. Коменски беше противник на механички концепција на детето како пасивен објект и против наставата орган.
- Џон Лок - истакна потребата за поттикнување љубопитност и почит за деца, мотивира учење и да ги поттикне когнитивни интереси и подготвување на студентите за личен контакт со она што се учи.
- Жан-Жак Русо - книгата "Емил или воспитувањето" ќе забележи "побара го прашањето на детето одговара на силата на неговото разбирање, па камоли да одговори." Според моите сознанија, тој не може да се заблагодарам оваа настава, но тоа мора да се должи на сопствената перцепција и размислување, тој не може да учат, но мора да се најде.
- Песталоци - улогата на наставникот во училницата е дека за да се поттикне ученикот независност како услов за стекнување на самоспознание. Наставникот треба да му помогне на студентот, така што студентот си помогне.
- Дестервег - во неговата главна цел да се реализира во процесот на подучување е да се развие способноста на студентот за независност, всушност, значи активна позиција на студентот.

Современата дидактика го поставува прашањето : Во што се состои суштината на активната позиција на ученикот? Ученикот претставува личност која има свои способности, интереси, желби, чувства, а целта на наставата мора да биде целосен развој на таква личност. Наставникот не смее да го принудува ученикот да слуша, да набљудува, да меморира и да го репродуцира она што му било кажано и покажано туку да создава работна атмосвера, да го организита процесот на учење и да обезбедува повратна информација. Кога се учи на ваков начин работата во училиштето не е присиленост, туку процес во кој ученикот се вклучува поради својот интерес и сопственото задоволство.

### *2.3 Операционално дефинирање на предметот на истражувањето:*

Користејќи ја истражувачката постапка набљудување ги откриваме горе наведените причини кои го карактеризираат нашиот проблем а тој е намалена активност (слабите резултати ) на учениците во одделението. За решавање на овој проблем презедовме одредени мерки кои му ги предложивме на наставникот со цел да ги примени за да ја подобри активноста на учениците а да ги отстрани настанатите причини. Мерки за отстранување на проблемот се: да ги групира учениците на активни со неактивни и обратно, обидувајќи се да ја подобри комуникацијата меѓу наставникот и учениците и меѓу самите ученици, да создаде кај нив работна навика, мотив за учење. За да се постигне сето тоа потребно е да се вложи голем труд и напор не само од страна на наставникот туку и од самите ученици. На тој начин не само што ќе се избегне несигурноста, незаинтересионираноста, невниманието туку и ќе се оспособат и поттикнат учениците правилно да размислуваат, да создаваат идеи кои ќе можат да ги применат во текот на нивниот понатамошен живот . Исто така му предложивме на наставникот да ги промени неговите игровни активности кои можеби предизвикуваат кај децата монотоност, здодевност, а да воведи нови игри кои ние му ги предложивме за да ја подобри целокупната активност кај учениците во одделението.

## 3. Методолошки пристап:

### *3.1 Дизајн на истражувањето:*

- Тип на дизајн:

Експериментален дизајн поради тоа што во нашето истражување внесуваме намерна интервенција за подобрување на активноста.

- Вид на истражувањето:

1. Според опфатот и општоста на истражувањето припаѓа во применети и развојни истражувања.

- Во применети истражувања припаѓа затоа што со подобрување на активноста учениците стекнуваат навики за навремено извршување на своите обврски не само во областа на воспитно - образовната дејност туку и во сите останати области во секојдневниот живот.

- Во развојни истражувања припаѓа затоа што се наоѓаат решенија за подобрување на неповолно настанатата ситуација во училницата и надвор од неа.

2. Според содржината или аспектот на гледање на предметот припаѓа во општествени истражувања затоа што се подобрува комуникацијата меѓу самите ученици и помеѓу учениците и наставникот.

3. Според временскиот критериум припаѓа во трансферзални или т.н. пресечни истражувања поради тоа што истражувањето се реализира за краток временски период.

- Истражувачка парадигма:

Нашето истражување припаѓа на квалитативната истражувачка парадигма затоа што добиените сознанија можат да се користат и во други слични ситуации.

- Варијабли:

1. Како независна варијабла во нашето истражување ни се превземени акции
2. Како зависна варијабла всушност ни е подобрувањето на активноста.

### *3.2 Истражувачки постапки и инструменти:*

Ние како истражувачи ја употребивме истражувачката постапка набљудување. Преку набљудувањето можеме да согледаме кои од децата ја извршуваат својата должност а кои не, и кои од децата зададените проблеми можат да ги решат. Нашето набљудување е

периодично. Во набљудувањето имаме едукатор кој е истражувач - набљудувач поради тоа што презема некои активности како ученикот но и набљудувачот. Ние (експериментаторите ) сме целосни набљудувачи поради тоа што сме само физички присутни во појавата и заземаме однос. Инструментите кои ги користиме во текот на истражувањето се дневниците на набљудување.

### *3.3 Тек на истражувањето:*

Првичниот наш впечаток кој го стекнавме беше релативно добар. Ја затекнавме училницата со голем број на наставни средства, хигиенски услови за работа на завидно ниво, класичен распоред на клупите, расположен наставник и срамежливи ученици. Распоредот на клупите и учениците во училницата го затекнавме на следниот начин:

- Клупите беа поставени во три колони од кои:
  - првата колона беше составена од ученици кои не се активираат на часот;
  - втората колона беше составена од ученици кои учествуваат и ученици кои не учествуваат во текот на часот;
  - а третата колона пак беа ученици кои беа најповеќе активни во текот на часот.

Додека пак распоредот на учениците беше по двајца на клупа од кои едното беше женско а другото беше машко. Ова шематски прикажано би изгледало вака:




Легенда: К - Катедра; Н - Неактивни ученици; А - Активни ученици; Т - Табла

Наставникот и покрај тоа што имаше доволно познавање и педагошко - методички дидактички пристап, сепак, не успеваше новите методи и техники на работа да ги примени во реализирањето на наставните часови. Климата која ја има создадено во самите ученици не беше на многу завидно ниво а тоа се гледа од предходно произнесеното.

Поради несоодветниот распоред на учениците ние самите направивме соодветна измена која му ја предложивме на наставникот и при тоа беше прифатена од негова страна и соодветно реализирана.Нашата измена се состоеше во тоа да:

- колоната која беше составена од неактивни ученици ја измешавме со колоната која беше составена од активни ученици а пак колоната која веќе го имаше тој распоред ја оставивме во тој распоред со што новонастанатата состојба изгледаше вака:




Легенда: К - Катедра; Н - Неактивни ученици; А - Активни ученици; Т - Табла

Со помош на нашата соодветна измена на учениците во училницата забележавме дека постои подобра комуникација помеѓу самите ученици, затоа што активните ученици им помагаа на секаков начин на неактивните ученици. Помагањето беше во пишување на домашната задача, објаснување на она што неможе добро да се совлада, или да се разбере новото по сугестија на наставникот и разменување на тетратките од активните ученици со неактивните ученици. Исто така со тоа се подобри и комуникацијата со наставникот, како и заинтересираноста на учениците кон учењето, а сето тоа го согледавме преку многубројните поставени прашања на учениците кон наставникот.

## 4. Емпириски резултати:

### *4.1 Стартна состојба:*

Состојбата на кој наидовме во училницата при нашето истражување беше предизвикана од двете страни и од наставникот и од учениците при што наидовме на:

- незаинтересираност;
- неподготвеност и неодговорност на наставникот и ученикот;
- невнимание;
- срамежливост;

- недоволно технички средства.

### *4.2 Сознанија од текот на едукативната интервенција, особено корективните мерки ако биле преземени:*

Засегнати страни за решавање на нашиот проблем се:

- наставникот;
- учениците;
- родителите
- и ние како набљудувачи.

Расположливи услови во и надвор од воспитно - образовната институција се:

- технички средства кои ги имаме во мал број ( музички систем, графоскоп );
- хармонична семејна средина;
- учебници, прирачници, паноа, слики ( цртежи ), детски списанија,;
- хигиенски услови.

На стартот на нашата едукативна интервенција ние решивме да ги редуцираме техничките средства поради немање на финансиски средства. А доколку соработката со родителите се покаже добра ќе настојуваме уште повеќе да ја подобриме. Преку истражувачката постапка набљудување ние како набљудувачи ги откриваме причините на нашиот проблем па со оглед на тоа ја спроведовме нашата едукативна интервенција според која ги групиравме учениците со групи ( активни - неактивни и неактивни - активни).

### *4.3 Парцијални и синтетички финални резултати:*

Со инструментот којшто ние го применуваме во нашето истражување - набљудување ги забележавме сите промени кои што се случуваат во училницата со што ги добивме парцијалните и синтетичките резултати.

- Парцијални резултати ни се надминувањето на срамежливоста која се има појавено кај некои од учениците, поради што ги групиравме и преку нивното групирање очекуваме да им се задржи вниманието на сите ученици во текот на еден наставен час, очекуваме да се разбие и монотоноста ( секој ученик да поставува прашања наменети до своите соученици а воедно и прашања наменети до наставникот ) и очекуваме да се развие една работна атмосвера.

- Синтетички резултати се всушност подобрувањето на целокупната активност.

### *4.4 Предлози за усовршување на едукативната интервенција Техники и Игри*

Со цел подобро да откриеме кои од децата се активни кои не се активни ние му ја предложивме следнава техника на наставникот.

**4.4.1“ Техника на наставникот “**

Во круг се седнуваат децата едно до друго. Им се задава една тема ( на пр. зима ) за која треба да кажат по некој збор, односно како бура на идеи ( снег, снешко, Дедо Мраз, капа, шал, елка ... ). Наставникот бележи на посебен лист, редоследот на учениците, означени со броеви и на секој од нив забележува со цртички кој од децата по колку зборови има кажано, односно колку пати кренал рака и зборувал и према тоа ја знае активноста на секое од децата. Од тоа согледува кој колку се активирал, кој воопшто не кажал ништо и тн. и презема соодветни чекори за идна вклученост на сите ученици.




Легенда: Н-наставник, 1 - прв ученик, 2 - втор ученик и тн.

*Шема 3: Наставникот ја бележи активноста на учениците на зададена активност*

**Во склоп со наставниот материјал ги предложивме овие игровни активности:**

### 4.4.2 " Венов дијаграм "

Наставникот на учениците им задава два поима од кои едниот поим е во едниот венов дијаграм, а другиот поим е во другиот венов дијаграм. Во пресекот на двата венови дијаграми се заедничките карактеристики на двата поими.

Пример :




### 4.4.3 " Европско Еж "

Активност на часот: На учениците им се задава тема, пр. животно - **Еж**, и најпрво секој ученик индивидуално во својата тетратка дава опис и карактеристики за Ежот, потоа се работи во пар, значи по двајца ученика си ги споредуваат описот и карактеристиките кои ги имаат дадено за Ежот и ги издвојуваат заедничките, и потоа се составува група од по неколку ученици и се работи како претходно- ги разгледуваат своите описи и карактеристики и пишуваат листа со заедничките. Потоа им се дели текст на секој од учениците во кој се зборува за Ежот, се опишува каков е, каде се среќава, негов физички опис, негово размножување, исхраната и неговото значење пр. во медицината.

На крајот од часот се прави табела со 4 колони. Во првата колона стои знакот + *доколку некои информации се нови за нив*, во втората колона стои знакот - *доколку информациите кои ги прочитале се контрадикторни или се разликуваат од она што претходно го знаеле или мислеле дека го знаат*, во третата колона стои знакот **?** *доколку наидат на информации кои ги збунуваат или ако сакаат да дознаат нешто повеќе*, а во четвртата колона стои знакот **штиклирано-точно** *ако со прочитаното се потврдува она што претходно го знаеле или мислеле дека го знаат*.

Учениците ја пополнуваат табелета :

Пример:

| + | - | ? | ✓ |
|---|---|---|---|
| - шилеста муцка;<br>- два излеза на живеење;<br>- оплодување 3-6 младенчиња; | | - во II год. се парат | - гнездо од лисја;<br>- должина на јама 30 см.<br>- развиени сетила за мирис и звук<br>- зимски сон |

**4.4.4 " Импулс " -Игра за концентрација**

Оваа игра се користи за концентрцијата. Учениците стојат во круг, со затворени очи, фатени за раце. Наставникот почнува прв, ја стега својата десна рака а со тоа ја стега и левата рака на еден ученикот до него, ученикот до него ја стега својата десна рака и тоа го осеќа својот сосченик на левата рака и тн. продолжува да шета импулсот се додоека не го осети наставникот оној кој го пуштил на својата лева рака. Импулсот можи да заглави кај некој од учениците, некој да се збуни па манесто десната да ја стегни левата рака-таа од каде што го добил импулсот и тука играта ќе заглави, или некој ученик намерно да ја заглави играта. Истото се повторува неколку пати, при што секој нареден пат друг ученик го пушта импулсот.

**4.4.5 " Пица " - Игра за релаксирање (5 минути)**

Оваа игра е за релаксирање и можи да се применува на почетокот од часот, или измеѓу некое предавање или на крајот од часот. Сите учесници застануваат во круг, потоа секој се врти надесно и застануваат еден позади друг свртени со грбовите. Модераторот ја започнува играта и објаснува: со двете раце гоземаме тестото во поголема количина кое е веќе извадено од машината за правање тесто, го ставаме на работната маса ( на грбот на учесникот пред него) и почнуваме да го размесуваме, месиме дури мислиме дека е доста, потоа го тргаме настрана, продолжуваме со другите припреми . Ја земаме питата кашкавал и почнуваме да ја рендаме- ги спојуваме дланките една до друга и ги движиме горе-долу на грбот од учесникот пред нас и тоа низ целиот негов грб. Потоа ја земаме саламата - левата рака ја правиме како тупаница, тоа е саламата, а десната е испружена, како нож,па ги спојуваме и сечиме од саламата онолку парчиња колку што мислиме дека ќе ни се доволни и сето тоа на работната маса (односно на грбот од учесникот пред нас). Замаме од големото тесто едно помало топче-колку што сакаме да ни е голема пицата, го размесуваме на масата, го обликуваме, врз него ставаме кечап- расврлуваме со врвовите од прстите, го размачктваме со целата шака, потоа над него го ставаме кашкавалот-со врвовите од прстите го допираме грбот , потоа со двата прсти-показалецот и средниот прст ја редиме саламата на нашето тесто и на крајот со палецок ја ставаме маслинката на средината од пицата. Така ја припремивме пицата Капричиоза со маслинка. На здравје!

## 5. Заклучок:

### *5.1 Откривање и фирмулирање на проблемот:*

Со согледувањето на првичната состојба во училницата и распоредот кој што го имаше направено наставникот на неактивни; неактивни со активни и активни ученици и самиот пристап на наставникот кон учениците не беше на завидно ниво. После нашето мало истражување ги споивме фактичната ситуација со нашите идеи, мисли и предлози, стручниот теоретски дел и затекнатите проблеми се обидовме да ги смениме со тоа што ја

подобривме: монотоноста, невниманието, незаинтересираноста, срамежливоста различните форми и методи на работа; ја разбивме несигурноста на ученикот во самиот себе; ја зголемивме мотивацијата од страна на наставникот кон ученикот и обратно; заедно со родителите ја корегиравме неодговорноста пред се на учениците па потоа и на наставникот; и да се трудат родителите што помалку да им ги наметнуваат домашните проблеми.

### *5.2 Учество на интересентите во истражувањето:*

Ние како експериментатори - истражувачи ги предложивме нашите идеи за подобрување на општата ученичка клима при што едукаторот - наставникот е тој што треба да ги проанализира и ги реализира во понатамошната негова воспитно образовна работа заедно со учениците.

### *5.3 Мислење на интересентите за финалните резултати:*

- Со оглед на состојбата која ја затекнавме во училницата и соодветните мерки кои ги приложивме за подобрување на срамежливоста, невниманието, незаинтересираноста, како и подобрувањето на комуникацијата меѓу учениците и нивниот наставникот ние се надеваме барем делумно ги постигнавме очекуваните резултати односно ја подобривме активноста во училницата.

- Мислењето на нашиот ментор беше дека е задоволен од соодветно предложените мерки од наша страна но заради тоа што не е во можност истите во целост да ги примени ќе настојува барем дел од мерките кои ги применивме заедно да ги задржи и ќе се обиде да ги усоврши.

- Учениците беа задоволни од новиот распоред на седење во клупите, бидејќи ќе можат повеќе да си помагаат еден на друг и дека ќе имаат повеке комуникација меѓу себе.

### *5.4 Значење на добиените резултати*

Со подобрување на активноста се подобрува не само комуникацијата во самото училиште туку и надвор од него. Знаењата кои се користат во надминувањата на слабостите и нивно претварање во предности доведуваат до формирање на целосна личност која се повеќе и повеќе ќе се надоградува до крајот на својот живот.

## 6. Користена литература:


1. Boksan, Z. (2001) *Od igre do pozornice*, Београд: Kreativni centar
2. European commission, *Practical classroom training within Initial Teachers education*, 2009
3. European Training Foundation, *Teachers for the Future: Teacher Development for Inclusive Education the Western Balkans*, 2011
4. Lindlof, R .T., Taylor, C.B. (2002) *Qualitative Communication Research Methods, (Second edition)*, London-New Delhi: Thousand Oaks, SAGE Publications
5. Rakic, B. (1997) *Motivacija i skolsko ucenje*, Sarajevo: Svjetlost
6. Trnavac, N., Mozetic, O., Jukic, R., Kragujevic, G., (1991) *Didakticke igre*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva
7. Белокозовска, В. (2003) *Современото предучилишно воспитание и основното образование - состојби и перспективи*, Скопје
8. Георгиевски, Т. П. (1994) *Социологија на образованието*, Скопје: Филозофски факултет

9. Гогоска, Л. (1993) *Фактори за успех во учењето: книга за наставници, ученици и родители*, Скопје: 2 Август
10. Жоглев, З. (2002) *Социологија на образованието*, Битола: Педагошки факултет
11. Илиев, Д. (2006) *Акциони истражувања во образованието*, Битола: Педагошки факултет
12. Јанков, Б. (2003) *Современа психологија на личноста*, Скопје: ЦРСП
13. Кевереcки, Љ.(2006) *Педагошка психологија*, Битола: Педагошки факултет
14. Пау, Џ (2004) *Низ детските очи: прирачник за активна настава*, Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ
15. Смилевски, Ц. (2006) *Методологија на истражување*, Битола: Педагошки факултет